Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 92, 15 ноември 2012 година

ноември 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно-научната област биологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научните области електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научната област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научна област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на два наставника во сите звања за наставно-научната област/поле клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област/поле фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 42

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 46

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....53

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез композиција и џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....59

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – обоа и камерна музика на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....64

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....73

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....77

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....82

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....87

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Агрохемија и исхрана на растенијата” поднесен од авторот Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....90

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....94

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....97

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ....100

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ/ ПОЛЕ ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА И СОЦИЈАЛНА ФАРМАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, на 73. редовна седница одржана на 6.6.2012 година, донесе Одлука број 2502-145/6 за распишување на Конкурс за избор на еден асистент за наставно-научната област ***фармацевтска технологија и социјална фармација*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. На 75. редовна седница одржана на 10.8.2012 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-167/38 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден асистент за наставно-научната област фармацевтска технологија и социјална фармација и Решение бр. 2502-167/60 за претседател, 2502-167/61 за член и 2502-167/62 за член на Комисијата во следниов состав:

– доц. д-р Бистра Ангеловска, доцент на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - председател;
– проф. д-р Билјана Ѓорѓеска, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип - член;
– проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 6 јули 2012 година. Во предвидениот рок се пријавија кандидатите: м-р Александар Цветковски, м-р Александар Бајатовски и м-р Габриела Иванова.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, Рецензентската комисија констатира дека кандидатите:

1. м-р Александар Бајатовски нема доставено комплетни документи согласно со објавениот Конкурс, недостасува диплома за завршено образование (оригинал) и фотокопии заверени на нотар;
2. м-р Габриела Иванова не ги исполнува условите согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во однос на просекот од студиите (6,79).

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**По пријавата на кандидатот м-р Александар Цветковски**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Александар Цветковски** е роден на 13 мај 1971 г. во Куманово. Во 1995 година завршува Фармацевтски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со просек 8,32. Постдипломски студии во областа на фармацевтската технологија завршува на Фармацевтски факултет, Универзитет во Белград, Р. Србија. Насловот на магистерската теза е „Испитување на влијание на бета циклодекстрин врз фазната трансформација на полиморфните и псевдополиморфните форми на карбамазепин", одбранета во 2002 година.

Кандидатот е запишан на докторски студии и се очекува да ги заврши во декември 2014 година на Фармацевтскиот факултет, Универзитет во Ферара, Италија, со истражувачка област: Испитување и карактеризација на фармацевтски формулации базирани на мешовити кристали на лекови.

Кандидатот солидно се служи со англиски, италијански, српски, хрватски и бугарски јазик.

***Професионални активности***

Во периодот од 1996 до 1998 година работи како соработник за обезбедување на квалитет во развој на инвестициски проекти за производни погони за фармацевтски производи, Сектор за развој, истражување, инженеринг и контрола, ИРИК, ОХИС, Скопје.

Во периодот од 1998 до 2003 година работи како раководител на производство на фармацевтски производи, ICN Македонија, фармацевтска компанија, Р. Македонија.

Од 2003 до 2005 година работи како координатор за развој и производство на фармацевтски, козметички и диететски производи во Јака 80, фармацевтска компанија, Р. Македонија

Од 2005 до 2008 година работи како Консултант за инвестиции во истражувања во фармацевтски и биомедицински сектори, Агенција за промоција на инвестиции, основана од владите на земјите од арапскиот залив (GOIC - Golf Organization for Industrial Consulting, www.goic.org.qa), Доха, Катар.

Од 2009 година работи како асистент на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Македонија.

Кандидатот има стекнато вештини и техники во развој на формулации за фармацевтски, козметички и диететски производи од аналитички и фармацевтско-технолошки аспект.

Како асистент на ФМН при УГД „Гоце Делчев“ - Штип, во периодот од 2009 до 2012 година, учествува во реализацијата на практичната настава по предметите: Биорганска хемија, Основи на органска хемија, Физичка хемија, Фармацевтски инструментални анализи, Фармацевтска технологија 1, Фармацевтска технологија 2.

Во периодот од 2007 до 2012 година присуствува активно на повеќе стручни усовршувања во странство: студиски престој во Лабораторија за фармацевтска технологија, Факултет за фармација и биохемија, Або Академи универзитет, Турку, Финска (септември - декември 2011 г.), Курсот за статистички методи за моделирање на експерименти, Мултиваријантна анализа, Семинар за студенти на програма за докторски студии за биоинформатика на Универзитетот Турку и Або Академи универзитетот во Финска, како дел од мрежата на нордиската студиска група за биоинформатика, семинар „Примена на раманска спектроскопија во карактеризација на фармацевтски системи и нови материјали“, организиран од страна на Центарот за биофармацевтици при Универзитетот во Парма, Италија, одржан на 12 април 2012 г., Парма, Италија.

***Список на објавени научни и стручни трудови***

***Списанија:***

- Cvetkovski A., Bettini R., Tasić Lj., Stupar M., Casini I., Rossi A., Giordano F., Thermal Properties of Binary Mixtures of β-cyclodextrin with Carbamazepine polymorphs, J. Therm. Anal. Cal. Vol. 68 (2002), 669-678 (*допставено во прилог*)
- В. Ивановска, А. Цветковски, Терапија со лекови кај гравидни жени, Фрамацевтски информатор, професионално списание год. 9, број 23 / септември 2010, стр. 11-12 (*доставено во прилог*)
- А. Цветковски, Фармацевтски производи за примена кај педијатриски пациенти, Фрамацевтски информатор, професионално списание год. 9, број 23 / септември 2010, стр. 13-14 (*доставено во прилог*).
- А.Цветковски, направена ревизија на ракопис за ревијален научен труд по покана на авторот на трудот (*во прилог допставен “Letter of Acknowledgment”).*

***Усни излагања/ предавања/ зборници/ архиви***

- Cvetkovski Aleksandar, Gulaboski Rubin: “Engineering of Pharmaceutical co-crystals”, From Molecules to Functionalised Materials, SOE-DAAD (DAAD programme “Academic Reconstruction of South Eastern Europe”) Workshop Skopje, 16-20 March 2011, Proceeding Book of Abstracts.
- Cvetkovski, A, Technology Transfer Through Spin - Off Companies - from Academic Research to Commercialization in the Life Science Sectors, 4th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, From Entrepreneurial Learning to Innovation and Regional Development, 5 – 7 May 2011, Ohrid, Macedonia, proceeding Book with Lectures.
- Cvetkovski A., TasićLj., Stupar M., Plenary Lecture “Approach for Selection of Methods for Characterization of the Pharmaceutical Solids”, published in Archive for Pharmacy (Proceeding Book), no.4, pp. 536, Third Yugoslav Congress of Pharmacy with international participation, Belgrade, Yugoslavia, 29th October-2nd November, 2002.
- Lj.Tasic, A.Cvetkovski, J.Milic, Title: Preformulation studies of solid dosage forms: Choice and selection of methods for polymorphic drug (XIV Hungarian Conference on Pharmaceutical Technology, 8/10 November,2002, Heiviz (Hungary).
- Cvetkovski A; Influence of Binder Solution in Wet Granulation Process on Properties of Propranolol Tablets, Proceeding Book of the 16th Congress of Chemists and Technologists of Macedonia (with international participation), Volume 1, Faculty of Technology and Metallurgy, Skopje, 28-30 October, 1999, pp.311-313).
- Cvetkovski, A, Technology Transfer Through Spin - Off Companies - from Academic Research to Commercialization in the Life Science Sectors, 4th International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, From Entrepreneurial Learning to Innovation and Regional Development, 5 – 7 May 2011, Ohrid, Macedonia.
- A. Cvetkovski, V. Zah, Pharmacoeoconomics& Outcomes Research Perspectives in Health Care Sector, Fourth Congress of Pharmacy of Macedonia with International Participation, 26-30 September, Ohrid, 2006.
- A. Cvetkovski, Technology Transfer through Spin-off Companies: From Academic Research to Commercialization. Invited speaker at the Seminar for Continuing Education and Post-graduated studies for pharmacists. In organization of Pharmaceutical Center for Continuing Education and Faculty of Pharmacy, Belgrade, May, 2007.
- Tasic Lj., Cvetkovski A., Marinkovic V., KNOWLEDGE MANAGEMENT AS A TOOL IN PHARMA BUISINESS, Proceeding Book of 4th International Working Conference TOTAL QUALITY MANAGEMENT – ADVANCED AND INTELLIGENT APPROACHES, May 27th – 30th 2007, Belgrade SERBIA.
- A.Cvetkovski, “Technology Transfer in Knowledge Based Industries, Pharmaceutical Sector as an Example”, invited speaker, 2nd Technology Transfer Conference & Exhibition, Bahrain, December, 2006.
- Cvetkovski A.: “GMP-Preconditions for Quality in Pharmaceutical industry”, Oral Presentation, TQM (Total Quality Management) Symposium, organized by Macedonian Quality Association and Macedonian Trade Chamber, Macedonia 1997
- Aleksandar Cvetkovski, Ispitivanje uticaja beta ciklodekstrina na faznu transformaciju pseudopolimorfnih formi karbamazepina, магistarska teza, odgrana 2002, Arhiv bibioteke farmaceutskog fakulteta, Beograd, 2002
- Aleksandar Cvetkovski, Ljiljana Tasic, Ruggero Bettini and Fernando Giordano, Influence of βCyclodextrin on the crystallinity and dissolution rate of carbamazepine polymorphs (5th Central European Symposium on Pharmaceutical Technology and Biotechnology, organized by EUFEPS-European Federation for Pharmaceutical Sciences and Controlled Release Society) September 25-27, 2003, Faculty of Pharmacy, Ljubljana, Slovenia (постер презентација).

***Книги/ учебници***

Aleksandar Cvetkovski (grupa autora), “Troškovi, kvalitet i ishod zdravstvene zaštite, ISPOR Knjiga termina” u izdanju ISPOR Sekcija Srbije, 2011.

| Вид на активност | Број | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | **Во земја** | **Во странство** | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестри во изборниот период за 2009/2010, 2010/2011,2011/2012) | 18<br>32<br>32 | 0,5 | | 41 |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | | |
| Дел од монографија или научна книга | 1 | | 10 | 10 |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 4<br>1 | 1 | 2 | 8<br>1 |
| Секциско предавање на научен собир | 1<br>2 | | 2<br>4 | 2<br>8 |
| Одржано предавање на покана од научна институција | 1 | | 3 | 3 |
| Учество на научен собир со реферат (**постер**/ усно) | 2 | 1 | | 2 |
| Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1 | | 3 | 3 |
| Член на организационен или научен одбор на научен собир | 1 | 1 | | 1 |
| Студиски престој во странство | 1 | | 8 | 8 |
| Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/ останати) | 1 | | 2 | 2 |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | | |
| Труд во стручно (научно-популарно списание) | 2 | 2 | | 4 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 1<br>1 | | 3<br>2 | 3<br>2 |
| Пленарно предавање на стручен собир | 1 | | 4 | 4 |
| Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 1 | 1 | | 1 |
| **Вкупно** | | | | **103** |

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Врз основа на приложената документација од страна на кандидатот м-р Александар Цветковски, како и направената анализа и оценка на трудовите и стручната и научна активност на кандидатот, Комисијата констатира дека м-р Александар Цветковски ги исполнува сите услови и сите законски критериуми за избор на асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатот м-р Александар Цветковски да се избере во звање *асистент* за научната област фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Бистра Ангеловска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Ѓорѓеска, член, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, член, с.р.**